**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# НА АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО

# 2024-2027

Скопје, 2023

## 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Агенцијата за иселениште е среднорочен план на активности за периодот 2024-2027 година, кои претставуваат основа за дефинирање и реализација на општите и конкретни цели на Агенцијата, во согласност со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година донесена на 16 мај 2023 година,Службен весник на РСМ,бр.103 од 18.5.2023 г. врз основа на член 27-а став 3 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/01, 98/02, 9/03,47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07. 157/07,29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11,151/11, 170/11, 67/13,145/14, 62/15, 41/16, 153/16и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21и 70/22).

Во согласност со интегралниот систем на планирање и буџетирање, овој Стратешки план е придружен документ на буџетската пресметка на Агенцијата за иселениште за 2024 година, во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите од 28.12.2012 год.

Во Стратешкиот план за 2024-2027 година на Агенцијата за иселеништво се содржани целите и задачите на организациските единици и на Агенцијата во целина, активностите за остварување на тие цели, како и ефектите и резултатите на истите.

Преку реализирање на активностите од Стратешкиот план, Агенцијата за иселеништво треба да одговори на обврските што произлегуваат од нејзините надлежности утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Програмата на Владата на Република Северна Македонија и Заклучоците на Владата на Република Северна Македонија.

## 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИ

Имајќи ги во предвид приоритетите и целите на Владата на Република Северна Македонија, се поголемиот број на иселени лица, трендот на одлив на млади кадри, односот и политиките на земјите примачи кон нив, како и нивните потреби и очекувања од матичната држава, Агенцијата за иселеништво има за цел да обезбеди креирање на соодветни политики за одржување на врските на иселениците со Република Северна Македонија, преку програмски активности, кои се реализираат во државата и надвор од неа каде иселениците живеат и работат. За реализирање на основната цел користи современи техники и алатки за побрз проток на информации, а во корист и на иселениците како крајни корисници и Република Северна Македонија како матична држава со огромен прилив на дознаки токму од оваа категорија на граѓани.

Сите активности на Агенцијата за иселеништво како независен орган, се во согласност со пропишаните надлежности во член 31 во Законот за организација и работа на органите на државната управа.

### 1.2.1 Историски развој

Со Законот за органите на државната управа (Сл. весник 63/ 30.12.1998 година) со указ е донесено, надлежностите и работата на Матицата на иселеници да преминат во Министерство за иселеништво кое ќе ги врши работите што се однесуваат на положбата и правата на иселениците, помагањето на нивниот културен развој, унапредувањето на врските со нив и нивните организации, запознавањето на иселениците со состојбите во земјата, создавањето на услови за враќање на иселениците, создавањето на услови за вклучување на иселениците во јавниот и економскиот живот на Република Северна Македонија и други работи определени со Закон.

Во 2000 година, со Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл.весник 58/2000 година) се уредуваат организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа, се укинува Министерството за иселеништво, а работата од неговата надлежност преминува во надлежност на Агенција за иселеништво како самостоен орган на државна управа, која одговара пред Владата на Република Северна Македонија. Во член 31 од Законот се дадени надлежностите на Агенцијата:

Агенцијата за иселеништво ги врши работите што се однесуваат на положбата и правата на иселениците; помагање на нивниот културен развој и унапредување на врските со нив и нивните организации; запознавање на иселениците со состобата во Република Северна Македонија; создавањето услови за враќање на иселениците во Република Северна Македонија; создавање услови за вклучување на иселениците во јавниот и економски живот на Република Северна Македонија и врши и други работи утврдени со закон.

На втората седница на Владата, одржана на 05.09.2006 година донесен е Заклучок, со кој Агенцијата за иселеништво ја задолжи своето натамошно дејствување да го насочи на контакти во земјата со припадници на македонската дијаспора, а преку развивање на системска мрежа со единиците на централната власт, како и локалните власти и посебно заедницата на единицата на локалната самоуправа да се транспортира како центар преку кој македонската дијаспора би добила квалитетна стручно–техничка помош во процесот на инвестирање во стопанските капацитети на Република Северна Македонија и посебно на планот на извоз на македонски производи во земјите каде се иселени.

### 1.2.2 Анализа на правна рамка

Со Законот за организација и работа на органите на државната управа Сл.весник 58/2000 година,член 31, се утврдени надлежностите и работата на Агенцијата за иселеништво.

### 1.2.3 Анализа на состојбите во областа на делувањето и услугите кои се извршуваат

Агенцијата за иселеништво има комплексна област на делување и тоа:

Поддршка на правата и положбата на иселениците, културен развој, образование, информирање на иселениците, остварување комуникација и можности за враќање и нивна интеграција не само во државата примач туку и во матичната држава. Агенцијата не е надлежна да се грижи само за граѓаните на Република Северна Македонија, туку за секој оној кој има македонско потекло или е иселен од овие простори, без разлика дали некогаш имал или не македонско државјанство. Исто така во надлежност на Агенцијата се и иселеници од македонско потекло кои потекнуваат од местата кои се надвор од границите на Република Северна Македонија.

Во надлежност на Агенцијата за иселеништво се и втора, трета или четврта генерација македонци кои живеат во странство и кои никогаш не се стекнале со македонско државјанство.

Македонското малцинство од соседните држави не е во надлежност на Агенцијата за иселеништво, бидејќи истото е автохтоно население и е во надлежност на Министерството за надворешни работи. Исклучок овде се Македонците кои живеат и работат во Република Србија.

Со оглед на тоа дека иселениците претежно се групираат во организирани форми од различна природа, проектните активности на Агенцијата за иселеништво претежно се насочени кон иселеничките организации.

Надлежноста за поддршка на правата и положбата на иселениците, АИ ја остварува преку:

-Поттикнување на иселениците да се стекнат со македонско државјанство

-Информирање околу можноста за вклучување во секојдневниот политички и економски живот во државата

-Прибирање на податоци за проблемите и потребите со кои се среќаваат иселениците во средините каде што живеат

-Следење на политиките на државите примачи кон емигрантите

-Информирање со условите за инвестирање и пренесување на бизниси во Република Северна Македонија

Надлежноста за културен развој на иселениците се остварува преку проекти кои го зацврстуваат идентитетот, посебно во делот кај учење и негување на мајчиниот јазик:

-поддршка на активности поврзани со творење на литературни дела на мајчин јазик

-поддршка на културни манифестации на кои се промовира Република Северна Македонија

-поддршка на училиштата по мајчин јазик ширум светот

Унапредувањето на врските со иселениците се врши со помош на современите технички алатки, преку он лине апликации, платформи, интернет страна, фб профили, креирање на бази од електронски адреси на иселеници и организации, што овозможува брз и лесен проток на информации на иселениците со матичната држава и обратно.

1.2.4 Расположива инфраструктура

Просториите во кои е сместена Агенцијата за иселеништво се под закуп. Канцелариските мебел и ИТ опремата е во сопственост на Агенцијата за иселеништво.

Располага со три возила доделени од Влада на Република Северна Македонија. Располага со сопствена опрема.Материјални ресурси кои Агенцијата ги има на располагање во рамки на своите внатрешни организациони единици се: опремени канцелариски простории на еден спрат под закуп во зграда, телефонски линии, IT опрема со интрнет врска и две моторни возила во возна состојба.

1.2.5 Финансиски ресурси

Проектните активности согласно надлежностите на Агенцијата за иселеништво наменети за потребите на иселениците се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија, преку редовна буџетска сметка.

Бидејќи трендот на иселување расте, потребата од проширување на проектните активности се зголемува, а со тоа Агенцијата има потреба од зголемување на буџетските средства.

1.2.6.Човечки ресурси

Со Правилникот за систематизација на работните места се утврдува вкупниот број на административни службеници, распоредот и описот на работните места по организационите единици потребни за вршење на работите од надлежност на Агенцијата за иселеништво.

Со Агенцијата за иселеништво раководи директор. Директорот и заменик на директорот се избрани и именувани функционери на Владата на Република Северна Македонија.

Агенцијата располага со 12 –административни службеници, распоредени во 2 (два) сектора и 4 (четири) одделенија:

1- Сектор за општи правни и финансиски работи

1.1-Одделение за општи и правни работи

1.2-Одделение за финансиски работи

2- Сектор за оддржување и унапредување на врските со иселеништвото, комуникација, информирање, економски работи, културен развој и реинтеграција на иселениците

2.1-Одделение за одржување и унапредување на врските со иселениците, комуникација и информирање

2.2.-Одделение за економски работи, културен развој и реинтеграција на иселениците

И покрај тоа што бројот на вработени е мал и недоволен да одговори квалитетно на барањата на иселениците, Агенцијата за иселеништво става посебен акцент на достигнување на посаканата ефикасност во управување и раководење, стратешко планирање и делување, стекнување на доверба и почит кај иселениците како главна засегната страна. Од стручни лица потребно е зајакнување на IT капацитетите, а во Правниот сектор се потребни повеќе правници.

1.2.7 Соработка со други институции

Агенцијата за иселеништво е самостоен орган кој одговара директно пред Владата на Република Северна Македонија.

При реализација на своите програми, соработува со повеќе институции и други органи и тоа:

Министерство за надворешни работи

Министерство за образование и наука

Министерство за економија

ЗЕЛС

Локалните самоуправи ширум републиката

Агенција за поддршка и промоција на туризмот

Министерство за култура

Министерство за информатичко општество и администрација

Фонд за пензиско и здравствено осигурување

Дипломатско- конзуларни претставништва на РСМ во светот

Невладин сектор

1.2.8 СВОТ АНАЛИЗА

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
| --- | --- |
| Агенцијата за иселеништво е самостоен орган со својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со закон. | Пред се потребно е зголемување на буџетот за квалитетно извршување на активностите во рамки на надлежностите. |

| | |
|---|---|
| Донесена е Национална Стратегија за соработка со дијаспората во 2019 г.<br><br>Согласно Акцискиот план на Националната стратегија за соработка со дијаспората, Агенцијата за иселеништво ги реализира сите активности каде се појавува како носител на истите.<br><br>За својата работа по потреба праќа извештај до Владата<br><br>Има дефинирана визија и мисија<br><br>Идентификувани ризици во работењето и активно управување со нив заради унапредување на целокупната функционалност.<br><br>Задоволителна потполнетост на работните места со вработени<br><br>Добра комуникација и соработка помеѓу вработените<br><br>Добро воспоставена мрежа со иселеничките организации и иселеници индивидуалци<br><br>Воспоставена мрежа и соработка со сродни институции | Покрај тоа што Агенцијата за иселеништво има утврдена законска надлежност во Законот за организација и работа во органите на Државната управа(општа надлежност), потребно е носење на специјален Закон, кој ќе регулира прашања поврзани со дијаспората.<br><br>Воедно, со растот на бројот на иселени лица и нивни потреби од повеќе сектори во државата, се наметнува потребата од формирање на Министерство за дијаспора, кое ќе ја третира дијаспората во целост.<br><br>Потребно е вклучување на дијаспората како посебна проблематика во Стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија, за да може Агенцијата за иселеништво да се повика и да ги спои своите активности со истите.<br><br>И покрај тоа што е донесена Националната стратегија за соработка со дијаспората, многу активности предвидени во Акцискиот план каде носители се други органи, не се реализирани.<br><br>Има обезбедено услови и простории за работа но истите не се сопствени и се под наем, за што се одвојува голем дел од |

| | |
|---|---|
| Поседување на сопствена интернет страна богата со информации за потребите на иселениците како најважни корисници<br><br>Обезбедени соодветни услови за работа на вработените | Буџетот. Доколку Владата ја обезбеди Агенцијата со простории, ќе има повеќе финансиски средства за поддршка на иселениците<br><br>Вработените многу малку се вклучени во обуките. Потребен е зголемен интерес и почеста комуникација со организаторите на обуките.<br><br>Многу институции од кои зависат решавања на бројни прашања на иселениците не се подготвени да одговорат на барањата |
| МОЖНОСТИ<br><br>Активности за зголемување на буџетот на Агенцијата со цел јакнење на административните капацитети, подобрување на материјално технички услови, како и реализација на активности и проекти кои бараат повисоки финансиски средства.<br><br>Создавање на законски основ со кој ќе се утврдат надлежностите на Агенцијата за иселеништво | ЗАКАНИ<br><br>Недоволно одобрени или неодобрени финансиски средства потребни за спроведување на планираните активности поврзани со надлежностите на Агенцијата а во полза на иселеништвото<br><br>Затварање на границите поради Ковид19 и прекинување на континуитетот на комуникација и соработка со иселениците и иселеничките организации |

| | |
|---|---|
| Почести генерички и други обуки и мотивација на вработените за постојано стручно усовршување<br><br>Обезбедување сопствени простории како би се избегнал трошокот за наем кој повлекува голем дел од буџетот на Агенцијата<br><br>Зајакнување на односите со другите сродни институции за полесно решавање на проблемите на иселениците<br><br>Зајакнување на односите со иселеничките организации и подигање на соработката на повисоко ниво<br><br>Работење на препознатливоста и промоцијата на Агенцијата за иселеништво во иселеништвото<br><br>Поголема информираност на иселениците за надлежностите и работата на Агенцијата за иселеништво | Предизвиканата светска криза после пандемијата<br><br>Враќање на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид 19 и неизвесност во однос на тоа дали ќе се одржат планираните проектни активности за кои се доделени финансиски средства од Буџетот.<br><br>Недоволен број на обучени административни службеници заради нереализирани генерички обуки од страна на надлежното министерство<br><br>Недостаток на правен кадар во правниот сектор и недостаток на IT одделение и стручни кадри во истото |

1.2.9 Анализа на заинтересирани страни (Стакехолдерс)

Заинтересирани страни Интерес за АИ Влијание на АИ

Иселеници Голем Големо

Иселенички организации Голем Големо

Верски заедници Голем Големо

Културни установи Голем Големо

Меѓународни институции Голем Големо

Локални самоуправи Среден Средно

Медиуми Среден Средно

1.2.10 Идентификација на ризици

Поради нискиот буџет, многу барања и потреби од иселениците остануваат нерешени, поради што се губи довербата и воспоставената комуникација со иселениците.

Покрај честите посети на иселениците во државата, инвестициите се ретки поради недоверба во системот, нестручниот кадар на работните места и присуство на мито и корупција.

## 1.3.МИСИЈА

Агенцијата за иселеништво е орган на државната управа, чија основна цел е поттикнување, помагање и одржување на националниот идентитет кај иселениците, преку негување на мајчиниот јазик и култура на иселениците во срединитe каде живеат, како интеграција во општествениот живот на Република Северна Македонија преку нивно вклучување во јавниот и економскиот живот.

## 1.4. ВИЗИЈА

Зачуван национален идентитет и интегрираност на иселениците во општествениот, економскиот и културен живот на Република Северна Македонија и продлабочување на врската на иселениците со матичната земја.

## 1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

Задачите и обврските на Агенцијата за иселеништво се утврдени во Законот за организација и работа на органите на државната управа и тие се во функција на:

- унапредување на положбата и правата на иселениците;

-поттикнување на културниот развој на иселениците,

-информирање на иселениците со состојбата во Република Северна Македонија и унапредување на врските со нив и нивните организации,

-создавање услови за реинтеграција на иселениците и нивно вклучување во јавниот и економскиот живот во Република Северна Македонија,

-остварување контакти во земјата со припадници на македонските иселеници преку одржување на системска мрежа со единиците на централната власт, локалните власти и заедницата на единиците на локалната самоуправа и давање стручно техничка помош на иселениците во процесот на инвестирање во Република Северна Македонија.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО

Агенцијата за иселеништво е самостоен орган на државната управа кој има исклучива законска надлежност - грижа за положбата, правата и интересите на иселениците, без разлика дали се или не се државјани на Република Северна Македонија и на нивната етничка припадност.

## 1.7. СТРУКТУРА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО

Со Правилникот за систематизација на работните места се утврдува вкупниот број на административни службеници, распоредот и описот на работните места по организационите единици потребни за вршење на работите од надлежност на Агенцијата за иселеништво.

Со Агенцијата за иселеништво раководи директор. Директорот и заменик на директорот се избрани и именувани функционери на Владата на Република Северна Македонија.

Агенцијата располага со 12 –административни службеници, распоредени во 2 (два) сектора и 4 (четири) одделенија:

Организациски единици во Агенцијата за иселеништво се:

1. Сектор за општи правни и финансиски работи

1.1-Одделение за општи и правни работи

1.2-Одделение за финансиски работи

2- Сектор за оддржување и унапредување на врските со иселеништвото, комуникација, информирање, економски работи, културен развој и реинтеграција на иселениците

2.1-Одделение за одржување и унапредување на врските со иселениците, комуникација и информирање

2.2.-Одделение за економски работи, културен развој и реинтеграција на иселениците

## 1.8. ОДНОСИ СО ОРГАНИ ВО СОСТАВ

Агенцијата за иселеништво согласно Законот за организацијаи работа на државна управа е самостојна институција и нема органи во состав

## 1.9. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО

Стратешки приоритети на Агенцијата за иселеништво се:

*** 1 Културен развој на иселениците**

Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:

1. – Зајакнување на квалитетот на наставата по мајчин јазик во иселеништвото

2. –Зголемен интерес за учење на мајчин јазик во иселеништвото од страна на децата на иселениците

3. – Поттикнување за творење на мајчин јазик

4. –Зголемен интерес за татковината и промоција на македонската култура во иселеништво

*2 **Права и положба на иселениците**

Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:

2.1 –Унапредување на врските со иселениците и развиена комуникација

2.2 - Зголемена база на податоци за иселеници и нивно мапирање

*3 **Интегрирање на иселениите**

3.1-Зголемена информираност на иселениците

3.2- Да се мотивираат да учествуват во општествените процеси и да се зголеми интересот за инвестирање во Република Северна Македонија

## 1.10.ОСВРТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

Агенцијата за иселеништво во 2022 година преку програмата „Унапредување на врските со иселеништвото“ ги реализираше следните проектни активности утврдени во Стратешкиот план и Годишната програма за работа.

**Културен развој на иселениците**

1. Од 11 –19 јуни 2022 година во Крушево се одржа Ликовна колонија на која учествуваа 11 ликовни уметници од иселеништвото. Целта беше нивно вмрежување, воспоставување на идна соработка и зацврстување на врската со татковината. За време на престојот ликовните уметници беа примени од градоначалникот на Општина Крушево кој во медиумите за средбата истакна дека проектите од ваков вид се потребни за промоција на Крушево и регионот. Уметниците требаше да насликат по две дела, од кои едното за нив а другото за Агенцијата за иселеништво. Агенцијата, делата од Ликовната колонија ќе ги донира во институција како детска клиника или дом каде ќе го збогатат и разубават амбиентот.

2. Од 3-9 јули 2022 година во Охрид се одржа Спортски камп за деца од иселеништвото. За време на кампот 13 децата во придружба на професионални тренери и професори по физичко воспитување, ги тренираа спортските дисциплини: фудбал, кошарка, одбојка и пливање. При спортските игри, децата имаа можност да се дружат со деца од клубови од други градови на Македонија. Покрај спортските активности децата ги посетија културно-историските знаменитости: Плаошник, Самоилови тврдини, Св.Јован Канео и Антички амфитеатар.

3. Од 20-24 јули во Охрид се одржа Иселенички фолклорен фестивал, во рамки на фестивалот „Охридски бранувања“. На Иселеничкиот фолклорен фестивал учествуваа 100 играорци од 5 иселенички фолклорни друштва од Србија, Хрватска и Романија. Ансамблите се претставија со македонски ора и изворни македонски песни преку

два настапи и тоа: едниот на 22 јули 2022 г.во центарот на Охрид и на 23 јули 2022 г. во Античкиот амфитеатар. За време на фестивалските денови, ансамблите имаа можност да ги посетат значајните културно-историски објекти во Охрид и да го посетат манастирот Св.Наум со брод.

4. Од 25-31 јули 2022 година во Охрид се одржа Летна школа по мајчин јазик за децата од иселеништвото. 35 ученици имаа можност да посетуваат настава по македонски јазик и преку игри, квизови, работилници и екскурзии децата ја учеа македонската азбука и други основни елементи за симболите, традициите, културата и обичаите. Учениците ги посетија Плаошник, Самоилови тврдини, Антички амфитеатар и имаа кратко предавање за изработката на охридскиот бисер во работилницата на фамилијата Филеви. Во слободното време учениците се дружеа преку игри во вода, пливање, одбојка, фудбал и друго.

5. На Струшките вечери на поезијата на 27 август 2022 г. ќе се додели наградата „Стојан Христов“ за најдобра поезија од иселеник која ја доделува Агенцијата за иселеништво во рамки на Манифестацијата СВП, секоја година. Оваа година конкурираа 10 автори со 10 книги. Наградата ќе се врачи во Струга од страна на директорот на Агенцијата.

6. Во ноември, Агенцијата за иселеништво ќе финансира сместување и учество и на 5 дечиња од иселеништво на детскиот фестивал „Златно Славејче“ во Скопје.

7. Агенцијата за иселеништво во рамки на поддршка на литературни дела во иселеништво, технички подготви и испечати 2 книги од иселеници автори со тираж по 100 книги.

8. Во текот на годината се промовираа 4 книги на иселеници и тоа:

-На Драгољуб Силјаноски од Осиек при друштвото Браќа Миладиновци од Осиек, Република Хрватска

-На Оливера Јовановска иселеник од Мелбурн, Австралија

-На Ивица Челиковиќ, иселеник од Шведска

-На Јулијана Тесија, иселеник од Осиек, Република Хрватска

9. Во тек е наставата по македонски и албански јазик од далечина која се одвива во текот на учебната година, 8 часа неделно и која ја следат над 50 ученика од целиот свет.

**Права и положба на иселениците**

-Преку поддршка на активностите на иселениците во срединитe каде живеат и на иселенички настани во Република Северна Македонија, Агенцијата учествуваше во одржувањето на културните иселенички манифестации во Македонска Каменица, месност Еленец и Рашче во Република Северна Македонија .

Во текот на годината директорот на Агенцијата за иселеништво во придружба на вработени од Агенцијата оствари посети и работни средби на иселенички организации во:

-Шведска од 1-4 Април 2022 година

-Словенија од 19-22 Мај 2022 година

-Црна Гора од 12-14 јули 2022 година

Заменикот на директорот на Агенцијата за иселеништво оствари службена посета на Албанската заедница во САД во периодот од 20-30 март 2022 година.

**Интегрирање на иселениците**

Во текот на целиот период од почетокот на годината Агенцијата за иселеништво оствари посети на општини и средби со градоначалниците на општините со цел прибирање на информации за потенцијалните ресурси и стопански гранки како можност за инвестирање во нив од страна на нашите иселеници.

## 1.11.ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2023 ГОДИНА

Агенцијата за иселеништво во 2023 година преку програмата „Унапредување на врските со иселеништвото“ ги реализираше следните проектни активности утврдени во Стратешкиот план и Годишната програма за работа.

Културен развој на иселениците

1. Оваа година за прв пат во организација на Агенцијата за иселеништво на 25 и 26 мај 2023 г. во Клуб на пратеници се одржаа Поетски иселенички средби на кои присуствуваа 14 поети од иселеништво. Агенцијата за иселеништво покри две ноќевања и полн пансион за време на нивниот престој. Поетите за прв пат имаа можност да се самопромовираат пред своите сонародници кои живеат и творат во странство, да се вмрежуваат меѓусебно и да реализираат заеднички проекти во иднина.

2. Од 12 –17 јуни 2023 година во Крушево се одржа Ликовна колонија на која учествуваа 11 ликовни уметници од иселеништвото. Целта беше нивно вмрежување, воспоставување на идна соработка и зацврстување на врската со татковината. За време на престојот ликовните уметници требаше да насликат по две дела, од кои едното за нив

а другото за Агенцијата за иселеништво. Агенцијата, делата од Ликовната колонија ќе ги донира на иселенички организации за нивните седиштата.

3. Од 16-20 јули во Охрид се одржа Иселенички фолклорен фестивал. На Иселеничкиот фолклорен фестивал учествуваа 125 играорци од 5 иселенички фолклорни друштва од Србија, Хрватска, Словенија, Австрија и Романија. Ансамблите се претставија со македонски ора и изворни македонски песни преку два настапи и тоа: едниот на 17 јули 2023 г.во центарот на Охрид и на 18 јули 2023 г. во Струга. За време на фестивалските денови, ансамблите имаа можност да ги посетат значајните културно-историски објекти во Охрид, Вевчани и Св.Наум.

4. Од 26 јули-1 август 2023 година во Охрид се одржа Летна школа по мајчин јазик за децата од иселеништвото. 32 ученици имаа можност да посетуваат настава по македонски јазик и преку игри, квизови, работилници и екскурзии децата ја учеа македонската азбука и други основни елементи за симболите, традициите, културата и обичаите. Учениците ги посетија Плаошник, Самоилови тврдини и Антички амфитеатар Во слободното време учениците се дружеа преку игри во вода, пливање, одбојка, фудбал и друго.

5. Од 3-9 август 2023 година во Охрид се одржа Спортски камп за деца од иселеништвото. За време на кампот 31 учесници во придружба на спортски тренер ги тренираа спортските дисциплини: фудбал, кошарка, одбојка и пливање. При спортските игри, децата имаа можност да се дружат со деца од клубови од други градови на Македонија. Покрај спортските активности децата ги посетија културно-историските знаменитости: Плаошник, Самоилови тврдини, Св.Јован Канео и Антички амфитеатар.

6. На Струшките вечери на поезијата на 26 август 2023 г. се додели наградата „Стојан Христов“ за најдобра поезија од иселеник која ја доделува Агенцијата за иселеништво во рамки на Манифестацијата СВП, секоја година. Оваа година конкурираа 4 автори. Наградата се врачи во Струга од страна на директорот на Агенцијата.

7. Агенцијата за иселеништво во рамки на поддршка на литературни дела во иселеништво, технички подготви и испечати 1 книги од иселеници автори со тираж по 100 книги и Каталог од Ликовната колонија Крушево 2022

9. Во тек е наставата по македонски и албански јазик од далечина која се одвива во текот на учебната година, 8 часа неделно и која ја следат над 50 ученика од целиот свет.

Права и положба на иселениците

-Преку поддршка на активностите на иселениците во средините каде живеат и на иселенички настани во Република Северна Македонија, Агенцијата за иселеништво финансиски поддржа одржувањето на културните иселенички манифестации во Македонска Каменица, месност Еленец и Иселенички средби во село Мелница во организација на друштвото Мак Мел од Бургдорф.

Во текот на годината директорот на Агенцијата за иселеништво во придружба на вработени од Агенцијата оствари посети и работни средби на иселенички организации во:

-Словенија од 24-27 март 2023 година

-Хрватска и Словенија од 20-23 мај 2023 година

Заменикот на директорот на Агенцијата за иселеништво оствари службена посета на Албанската заедница во САД во периодот од 3-14 март 2023 година.

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА**

**за активностите на Агенцијата за иселеништво за 2024 година**

Приоритетите и целите на Агенцијата за иселеништво се насочени кон една единствена програма „**Унапредување на врските со иселеништвото**“ реализирана преку

1. Културен развој на иселениците

   -Летна Школа по мајчин јазик во Охрид

   -Виртуелна настава по мајчин јазик во текот на цела учебна година, со цел поттикнување за учење на мајчиниот јазик преку далечина, наменета за децата на иселениците

   -Доделување награда ,,Стојан Христов,, во рамки на манифестација Струшки вечери на поезијата

   -Камп за спрт и млади во Охрид

   -Ликовна колонија

   -Поетски иселенички средби

   -Иселенички Фолклорен Фестивал

   -Учество на детски фестивал

2. Права и положба на иселениците

   - Посети на иселенички организации

-Поддршка на активности  во средините каде што живеат иселениците (изложби, концерти, литературни настапи и иселенички средби

3. Интегрирање на иселениците

-Изготвување на прирачник со информации од економски или правен карактер

-Иселеничка Конференција

**1.12.**

| |
|---|
| **А ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ** |
| 2.1. Оправданост и дизајн на Програмата „**УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРСКИТЕ СО ИСЕЛЕНИШТВОТО“** |
| Образложение: Програмата **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРСКИТЕ СО ИСЕЛЕНИШТВОТО** произлегува од<br><br>*Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2024 година донесена на Седница на Владата на Република Северна Македонија, на 16 мај 2023 година (Службен весник на РСМ, бр. 103 од 18.5.2023 година)<br><br>- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;<br><br>* Приоритетните цели содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2024 година донесена на 16 мај 2023 година, (Службен весник на РСМ, бр. 103 од 18.5.2023 година) за остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 1<br><br>- афирмација на културата на Република Северна Македонија и зголемување на<br><br>нејзината препознатливост во регионот, во Европа и во светот.<br><br>- стимулација на развојот на културата во функција на економскиот прогрес, особено на<br><br>локално ниво; |
| 2.2. НПАА Не содржи обврски кои произлегуваат од НПАА |
| 2.3.Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа : |

*** 1 Културен развој на иселениците**

Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:

– Зајакнување на квалитетот на наставата по мајчин јазик во иселеништвото

–Зголемен интерес за учење на мајчин јазик во иселеништвото од страна на децата на иселениците

– Поттикнување на културно-уметничкото творештво и промоција на македонската култура во иселеништво

***2 Права и положба на иселениците**

Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:

- Унапредување на врските со иселениците и развиена комуникација преку ажурирана база на иселеници и организации

– Здобивање на поголеми права во матичната држава и подобрување на положбата на иселениците во државите каде живеат и работат

***3 Интегрирање на иселениците**

-Зголемена информираност на иселениците за состојбите во матичната држава

- Засилена мотивираност за враќање и инвестирање во Република Северна Македонија

2.4. Назив на програмата: **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРСКИТЕ СО ИСЕЛЕНИШТВОТО**

| |
|---|
| |
| 2.5. Цел на Програмата:<br><br>- Поттикнување и помагање за одржување на националниот, културниот, образовниот и јазичниот идентитет на иселениците<br><br>-Зголемување на интересот за негување на мајчиниот јазик пред се кај најмладата генерација на иселеници<br><br>-Зголемена информираност за секојдневните состојби во Република Северна Македонија и вклучување на иселениците во општествениот и економски живот<br><br>-Поттикнување на иселеници бизнисмени за инвестиции во Република Северна Македонија |
